Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2021, до 23.9.2020 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата:Здружение на граѓани за заштита на животната средина ЕКОЗВОН, СКОПЈЕ

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 7248245

Седиште и адреса (улица, број, општина):КАРЛ ЛИБКНЕХТ 64, СКОПЈЕ

Застапник:СЛАЃАНА СТАМЕНКОВА

Веб страница:BLOG- www. Ekozvonce.blogspot.com

Електронска пошта (e-mail):ekozvonce@yahoo.com

Телефонски број за контакт:070268889

Лице за контакт:СЛАЃАНА СТАМЕНКОВА

## Предлог- иницијатива
## за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија
## за 2021 година

**Наслов на иницијативата: Придобивки од целосно имплементирање на Законот за Бучава и давање поголем приоритет во континуираните активности за намалување на штетните ефекти на бучавата по здравјето на населението во Република Северна Македонија**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

Намалување на аерозагадувањето

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

- Промовирање на заштита на животната средина со градење и инвестирање во осовременување на јавниот транспорт, и други видови на ефикасен и постојан транспорт
- Подигање на јавната свест за значењето на животната средина и заштита на климата и едукација на населението од областа на животната средина

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

Поглавје 27- Животна средина, зачувувањер на животната стредина за сегашните и идните генерации.

Поглавјето 27 содржи преку 200 правни акти кои опфаќаат хоризонтална легислатива, квалитет на вода и воздух, управување со отпад, заштита на природата, контрола на индустриско загадување и управување со ризик, хемикалии и генетски модифицирани организми (ГМО), бучава и шумарство

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Законот за бучава во животната средина ("Сл. Весник на РМ" 79/07, 124/2010 и 47/11) кој е потоплно во согласност со важечката регулатива на ЕУ.

Врз основа на одредбите од Законот за бучава во животната средина во периодот од 2007 година до денес донесени се 11 подзаконски акти кои се однесуваат на индикатори за бучава, мониторинг и инспекциски надзор на бучавата во животната средина.

Но сепак кога зборувамњ за загадувања, бучавата се наоѓа во самиот врв, заедно со загадувањето на воздухот и водата. Негативното влијание – влијание на бучавата врз загадувањето на животната средина е многу големо, според значењето таа претставува еден од најсериозните еколошки проблеми, бидејќи придонесува за значително намалување на квалитетот на живеење на луѓето.

Со зголемување на обемот на сообраќајот се зголемува и бучавата посебно кога зборуваме за населени места и преставува сериозен проблем за тамошното население.

Заклучено е дека делувањето на бучавата од 80 dB има трауматско влијание (работен учинок, спиење), додека физиолошки промени се појавуваат и при бучава од 65 dB, па според тоа потребни се поголеми и континуирани активности за намалување на бучавата во човековата околина со ставање поголем приоритет во активности за нејзино намалување.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

1. Поставување на заштитни акустични бариери во должина која ќе се оопредели со план секаде каде тие не се поставени долж регионални и магистрални патишта/национални патишта, а и на т.н. „тивки патишта" на повеќе места ,за намалување на бучавата.
2. Спроведување на определени сообраќајни мерки:
   - намалување на брзината на движење во определени реони и постигнување на изедначена – рамномерна брзина ; а сите возила кои произведуваат поголема бучава или да се исклучат од сообраќај, да им се изврши вонреден технички преглед на

сметка на возачот, или да се воведе плаќање на извесен надоместок за штетата која ја прават.

- подобрување на сообраќајниот тек (координација на светлосната сигнализација, кружен тек поставување секаде каде просторот тоа го дозволува, што ја намалува бучавата при забавување и кочење на возилата);
- ограничувања – забрани за движење на определени делници (пример за тешки товарни возила, пр. Ул.Перо Наков,Благоја Стевковски) ;

3. Спроведување определени градежни мерки:
   - редовно квалитетно одржување на патиштата – сите видови патишта во градски , вонградски населени места во рурални средини.

- санирање на сите прекопи, нерамнини, капаци на шахти, сливници,

4. Садење на различна вегетација во зависност од местоположбата и тоа помеѓу патиштата и делот кој предстaвува урбана средина,со планирање на уредување на просторот.

5. Едукација на населението, реклами на медиуми, електронски медиуми, едукација на учениците, со учество на изработени материјали од Министерствата за образование, здравство, Министерство за животна средина.

6. На ВЕБ страната на Министерство за животна средина објавување на резултатите кои се дибиени од мерењето на бучавата секоја недела и ажурирање на податоците за да граѓаните ги имаат на увид постојано.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Со донесување на било која одлука која треба да се спроведува ќе се предвиди и финансиска конструкција на истото , а Владата и Министрeството за финансии се што е проектирано во и за таа година да издвојаст средства за финансирање.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

